Љубе Кузманоски

Врз основа на член 22 став 1 т. 9 и член 36 став 1т. 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„бр..5/2002),чл. 15 став 1 т 7 и член 21 став 1 т. 11 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„бр.5/2002), Советот на Општина Новаци,на седницата одржана на 25-12-2018г. донесе

ПРОГРАМА

за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита во општина Новаци за 2019 година

Вовед

Општините се носители на социјалната заштита која се утврдува како дејност од јавен интерес.Тоа се дефинира како систем од мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и јакнење на неговиот капацитет за сопствената заштита.

Владата на Р.Македонија донесува Национална програма за развој на социјалната заштита во која се утврдуваат целите, приоритетите и правците на развој на социјалната заштита на граѓаните и во согласност со оваа програма општината Новаци донесува Програма за потребите на нејзините граѓани од областа на социјалната заштита. Општина Новаци со своја одлука во согласност со своите матерјални можности ја утврдува својата програма за социјална заштита и овозможува поволни услови за нејзино остварување.

Според новиот закон за соц.заштита донесен во јуни 2009 год. во делот на социјалните услуги се овозможува:

-обезбедување на развој на вониституционални социјални услуги со воведување на право на самостојно живеење со подршка и основање на мали групни домови.

-продолжување на процесот на децентрализација со давање на можност општините да воведат и други права од соц. заштита како и поврзување на локалните програми со Националната програма за развој на соц.заштита.

-постои потреба да се работи на развивање на мрежата на соц.услуги на локално ниво ,преку зајакната соработка меѓу релевантните локални институции и организации како и врз основа на реална и објективна проценка на потребите на локалното население.

- во Законот за соц.заштита постојат одредби со кои е овозможено партнерство меѓу државниот и приватниот сектор.

Програмата се изготвува со цел да се развие системот на соц.заштита во општина Новаци. Со оваа програма советот на Општина Новаци има за цел поедини категории на семејства да добијат соодветен третман и заштита од социјален ризик, совладување на социјалните ризици како и со девијантните појави и однесувања.

Видови ризици на кои се изложени граѓаните и категории на лица кои ги опфаќа оваа програма

Основни социјални ризици на кои најчесто се изложени граѓаните, се следните:

- ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност)
- ризици од стареење (старост и преживување)
- ризици по мајчинство и семејство
- ризици од невработеност и професионална неадаптираност и

- ризици од неадаптираност кон социјалната средина.

Категории на лица кои бидат опфатени со ова програма кога ќе се најдат во исклучително тешка состојба се:

- лица со телесна попреченост
- деца на улица((деца без родители и родителска грижа)
- деца со посебни потреби
- деца со воспитно социјални проблеми
- деца со еднородителски семејства
- лица изложени на социјален ризик
- лица засегнати со злоупотреба на дрога и алхохол
- стари лица без семејна грижа
- лица со здраствени проблеми
- лица погодени од елементарни непогоди, пожари, погребални трошоци и друго.

Социјалната заштита што ќе се развива на локално ниво, на граѓаните ќе им се обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остварат својата социјална сигурност и кога се во исклучителна тешка состојба

Цели на програмата

-Развој на социјалната заштита и социјална превенција како организирана и координирана активност на локално ниво

-Зајакнување на вонинституционалната заштита преку воведување на нови социјални услуги согласно со потребите на граѓаните.

-Создавање услови за намалување на зависноста од институционална заштита преку развивање на алтернативни форми на заштита.

-Подржување на започнатите процеси на децентрализација и деинституционализација во социјалната заштита

-Воведување на модалитетите за реализација на јавно-приватно партнерство во социјалната заштита

МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Општина Новаци,со цел обезбедување на социјалната заштита за нејзините граѓани, ќе ги спроведува следните мерки и активности:

А. Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на оддредени категории на лица кои ќе се најдат во исклучително тешка состојба, согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општина Новаци за 2018 година:

Б. Организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население.

В. Организирање на трибини за едукација против зависности и реализација на проект за превенција од болестите на зависност.

ПОСТАПКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

А. Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на одредени категории на лица кои ќе се најдат во исклучително тешка состојба.

Целта за остварување на паричната помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на одредени категории на лица е согласно надлежноста на општината во областа на социјалната заштита утврдена во Законот за локалната самоуправа и Законот за социјалната заштита како и други законски и подзаконски акти во оваа област, општината да им излезе во пресрет на здравствено, финансиски или друг начин загрозените лица кои имаат потреба од социјална заштита и помош,а согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општината за 2018 година.

2.Мерки

Висината на надоместокот, видовите на мерките и услугите за социјална заштита и превенција,за наведените категории на лица ќе се утврдуваат врз основа на поднесено барање со комплетна документација со која би се потврдил основот на барањето,а по дадено позитивно мислење од страна на Градоначалникот и по донесена одлука од страна на Советот на Општина Новаци.

3.Носител

Оваа активност како мерка во рамките на реализацијата на програмата за социјална заштита на Општина Новаци за 2018 година, ќе се спроведува од страна на Општина Новаци преку надлежните одделенија, а по претходно позитивно мислење дадено страна на Градоначалникот и донесена Одлука од страна на Советот на Општина Новаци.

4.Извори на средства

Средствата за исплата на парична помош и за обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на наведените категории лица ќе се обезбедуваат согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општината за 2019 година при што за реализирање на мерките и активностите од оваа програма се планирани 500 110,00 ден.

Б. Организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население

Целта на оваа активност е преку организарање на акција за собирање на облека,храна и друга опрема да им се помогне на социјално загрозени лица.

Носители на спроведување на активност покрај Општина Новаци, ќе бидат вклучени и јавните установи, невладини организации и здруженија.

В. Организирање на трибини за едукација против зависности и реализација на проект за превенција од болестите на зависност

Со спроведувањето на оваа активност се превземаат мерки за спречување на настанување на социјални ризици, рано откривање и третман на граѓанинот односно на лицата кои злоупотребуваат дроги, други психотропни супстанции, прекурсори и алкохол.

Оваа активност ќе се спроведе во соработка со Меѓуопштинскиот центар за социјална работа од Битола, со училиштата, здравствената установа, невладини организации и здруженија на граѓани како и други правни и физички лица.

Визија на програмата-(приоритетни области)

- Зајакување на административните капацитети на општините преку формирање на одделенија за социјална заштита или посебни работни места, развивање на меѓуопштинската соработка преку формирање на заеднички административни тела, повремени или постојани заеднички работни тела и комисии.

- Зајакнување на соработката во реализација на социјалната заштита преку формирање на локални совети за социјална превенција, вработување и социјалнин услуги и воспоставување на механизми за нивна координација и соработка.

- Проширување на видот на договорени социјални услуги кои ќе ги вршат и други даватели на социјални услуги преку објавување на јавни повици.

- Анализа на можностите за склучување на договори за вршење на социјални услуги на ЦСР и др. даватели на социјални услуги на локално ново.

- Спроведување анализа на просторните, техничките, кадровските капацитети на територијата на општината врз основа на кои ќе се предложат решенија за развој на социјалната заштита на општина Новаци.

- Зајакнување на социјалната превенција преку едукативно- советувалишна работа, развивање на формите на самопомош, волонтерска работа со лично ангажирање и примена на др.методи кои соодествуваат на потребите на корисниците на социјалната заштита.

- Социјални услуги за вонинституционална заштита-сместување во групен дом и самостојно живеење со подршка. Предвидување на сретства за оспособување, опремување, реновирање на објекти за таа намена. Предлог: Дневен центар и клубови за стари лица и воздрасни лица,Центар за давање на помош во домашни услови,Народни кујни

- Развивање на форми на институционална и вонинституционална заштита како дневно и привремено згрижување, помош и нега во домашни услови и сл.

- Поттикнување на проекти засновани на мрежна локална соработка меѓу општини, здруженија на граѓани, приватни бизниси и др.субјекти.

- Промовирање на волонтерска работа во центрите за дневно и привремено згрижување преку системска и координирана соработка со соодветни образовни установи, НВО, хуманитарни и верски организации.

Финансирање

За реализацијата на програмата ќе се обезбедат потребни финансиски сретства од буџетот на општина Новаци во износ од 500,110,00 ден , сретстава од буџетот на Р.Македонија и донаторски сретства.

Финансиски средства за категори на граѓани:
-лица со телесна попреченост од 2.000,00 до 10.000,00 денари
-деца на улица (деца без родители и родителска грижа) од 2.000,00 до 10.000,00 денари
-деца со посебни потреби од 2.000,00 до 10.000,00 денари
-деца со воспитно социјални проблеми од 2.000,00 до 10.000,00 денари
-деца со еднородителски семејства од 2.000,00 до 10.000,00 денари
-новородено дете 5.000,00 денари
-лица изложени на социјален ризик од 2.000,00 до 10.000,00 денари
- лица засегнати со злоупотреба на дрога и алхохол од 2.000,00 до 10.000,00 денари
-стари лица без семејна грижа од 2.000,00 до 10.000,00 денари
-лица со здраствени проблеми од 2.000,00 до 10.000,00 денари
-лица погодени од елементарни непогоди, пожари, погребални трошоци и друго од 2.000,00 до 10.000,00 денари

Разгледувањето на барањата од граѓаните ќе го врши градоначалникот на општина Новаци за средства до 10.000,00 денари, а за средства над 10.000,00 денари барањата ќе ги разгледува Советот на Општина Новаци.

Средствата ќе се уплаќаат на трансакциона сметка на граѓанинот.

Завршна одредба

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник„ на општина Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Програма за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во општина Новаци за 2019 година

1.Објавувам Програма за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во општина Новаци за 2019 година, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 25.12.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1059/5
28.12.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 22 став 1 т. 6 и член 36 став 1т. 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„бр..5/2002),чл. 15 став 1 т 6 и член 21 став 1 т. 11 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„бр.5/2002), Советот на Општина Новаци,на седницата одржана на 25-12-2018г. донесе

ПРОГРАМА

За спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во општина Новаци за 2019 година

Спортот е дејност која ги опфаќа сите форми на спортски активности на спортистите од сите возрасти, како и спортско - рекреативните активности на граѓаните.

Заради остварување на потребите за занимавање со активности и заштита на правата и интересите од областа на спортот, граѓаните можат слободно и доброволно да се здружуваат и основаат спортски здруженија.

Во овие здруженија, строго е забрането политичко и верско организирање.

Спортски клуб е спортско здружение, односно трговско друштво кое врши дејност спорт.

Спортските клубови од различни спортови, заради остварување на јавниот интерес на општината во областа на спортот и заради планирање и реализација на програмските активности, можат да се здружуваат во општински и градски спортски сојузи од различни спортови.

Спортските клубови од ист спорт на ниво на општина, заради остварување и реализација на заеднички програмски активности, можат да се здружуваат во општински, односно градски сојузи од ист спорт.

Од јавен интерес е

- поттикнување на спортските активности на децата и младината;
- организирање и спроведување на спортски тренинг и натпревари за оспособување на спортистите постигнување на врвни спортски резултати;
- поттикнување и помагање на организирањето спортски приредби и манифестации;
- Одржување и функционирање на постојните и планирање и изградба на објекти за спорт во општината.

За да можат сите овие активности успешно да се реализираат, основно е во општината да има објекти за спорт.

- што се тоа објекти за спорт?

Тоа се уредени површини и објекти кои се во функција на вршење на спортските активности.

Финансиските услови за функционирање на спортските друштва и сојузи во општината претставуваат најголем проблем за нормално функционирање на истите, од општо позната економска состојба во која се наоѓа нашата општина, која се рефлектира и во спортот, а и непостоење на генерални спонзори за финансирање на клубовите.

Во рамки на надлежностите што ги има општината во делот на спортот и рекреацијата (развојот на масовниот спорт и рекреативните активности , организирање на спортски приредби и манифестации, оддржување и изградба на објекти за спорт, поддршка на спортски сојузи), а

со цел развој на физичката култура кај младите, што помасовен опфат на млади лица на спортските терени и превентивно делување, а воедно и одвраќање на младите од пороците кои што ги дебнат на секој чекор во нашето современо секојдневие, општина Новаци настојува да ја оддржи и продолжи спортската традиција кај Новачани, а воедно дава голем придонес во развојот на физичката култура во општината.

За реализација на програмата ќе се обезбедат средства од Буџетот на Општина Новаци од ставките:

	Трансфер на спортски клубови	**Изградба на спортски објекти**	
Организирање на меморијален фудбалски турнир : Пеце Матичевски 2019	**150 000 денари**		
Организирање на меѓународен фудбалски турнир: Младински КУП ФК Новаци	**150 000 денари**		
Трансфер на спортски клубови и физчки лица	**2 200 000 денари**		
Вкупно	**2 500 000 денари**	**2 000 0000 денари**	

Разгледувањето на барањата од спортските клубови ќе го врши градоначалникот на општина Новаци за средства до 10.000,00 денари, а за средства над 10.000,00 денари барањата ќе ги разгледува Советот на Општина Новаци.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник„ на општина Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Програма за култура , културни активности , културни и други манифестации на општина Новаци за2019

1.Објавувам Програма за култура , културни активности , културни и други манифестации на општина Новаци за 2019 , донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 25.12.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1059/6
28.12.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 22 став 1 т. 5, од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„бр..5/2002), и чл. 15 став 1 т 5, и член 21 став 1 т. 11 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„бр.5/2002), Советот на Општина Новаци,на седницата одржана на 25-12-2018г. донесе

ПРОГРАМА

За култура , културни активности , културни и други манифестации на општина Новаци

за 2019

I.ВОВЕД

Со донесување на системските закони кои се однесуваат на локалната самоуправа , за во контекст на процесот на децентрализација , општините добиваат и надлежност која се однесува на задоволување на културните права и потреби на граѓаните.Општинските културни активности и активностите на локалните културни установи и здруженија на граѓани во непосреден контакт со граѓаните многу попрецизно ќе ги откријат нивните културни потреби и формите за нивно задоволување , со што ќе го направат културниот живот во Општината побогат, поразновиден , подинамичен и поквалитетен.

II.ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на Програмата на Општина Новаци од областа на културата:

1.Доближување на културата до сите граѓани .

-Преку оваа цел треба да им се овозможи на сите граѓани на Општина Новаци рамноправно да учествуваат како творци и како корисници , во културата и во културните случувања.

2.Поттикнување на современото творештво , со посебен фокус на културните потреби на младите.

-Земајќи ја во предвид перспективата на културниот развој , особен фокус ќе биде ставен на обезбедувањето материјални претпоставки за творештво и задоволувањето на културните потреби на младите.Ќе се поддржуваат и ќе се охрабруваат истражувањата и потребата по нови изразни средства, ќе се поддржуваат екпериментите и користењето нови медиуми на

естетска експресија , како и проектите и установите што се занимаваат со продукција и ширење на културни содржини и вредности за младата популација.

3.Обезбедување на активен однос на Општина Новаци кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата.

4.Зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Општина Новаци .

5.Зачувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Новаци.

6.Презентирање и афирмирање на творци и интерпретатори од областа на културата.

III.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Новаци во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување , поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа :

1.Зачувување на континуитетот на одржување на традиционалните културно-уметнички манифестации.

2.Реализирање на манифестации , програми и проекти кои и даваат посебно посебно обележје на Општина Новаци .

3.Создавање на услови за гостување на еминентни уметници од Република Македонија и странство во Општина Новаци .

4.Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови на Општина Новаци .

5.Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници.

III. ОРГАНИЗАЦИЈА И ПОДДРШКА НА МАНИФЕСТАЦИИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ , СОВРЕМЕНО ТВОРЕШТВО И ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

-во текот на 2019 година ќе се организираат следните програмски настани:

МАНИФЕСТАЦИИ

Културно –забавно Лето Новаци 2019 со предлог програмски активности согласно Јавниот повик и конкурсот на Министерството за култура на Р.Македонија.
-Концерти на класична музика
-Фолк-концерти со познати естрадни уметници
-Концерти со етно групи
-Концерти на фолклорни друштва од странство и домашни
-Професионални Театарски претстави
-Изложби на ликовни уметници од Македонија и странство како и на млади автори
-Стенд ап комедија
-Креативни работилници
-Етно концерт во с.Градешница
-Музички танцов хепенинг
-Детски музички фестивал
-Фестивал –Избор на Летен Фолк Хит на Македонија

ДРУГИ АКТИВНОСТИ

-Годишен концерт на КУД НОВАЦИ од Новаци
-Учество на КУД НОВАЦИ од Новаци на концерти во Р.Македонија и на меѓународни фестивали и концерти.
-Опрема за потребите на КУД НОВАЦИ од Новаци

ФИЛМ И МУЛТИМЕДИЈА

-Снимање и промоција на документарен филм и репортажа за Општина Новаци
-Работилници за фотографија и видео
-Организирање на изложби на фотографии на отворен простор
-

ЛИТЕРАТУРА И ТВОРЕШТВО

-Конкурс за раскази и литературни творби –издавање на збирка поезија и проза од млади автори од Општина Новаци
-Пелагониски културно-научни средби Новаци 2019
-Поетска манифестација

ТЕАТАР

-Професионални театарски претстави за деца и млади
-Аматерски театарски претстави за деца и млади
-Театарски работилници под менторство на професионален актер

ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ВАЖНИ ДАТУМИ И АКТИВНОСТИ

-Ден на Општина Новаци –сценско музичка програма и други активности
-Фестивал на книгата 23 април
-Меѓународни денови на Општина Новаци -делегации од сите збратимени општини со пригодна музичко-сценска програма каде ќе бидат претставени културните традиции на земјите –гости .
-Следење на важни датуми со можност за пригодно одбележување на светските денови
-Ден на Европа 9 мај
-Светска недела на детето
-Новогодишна детска претстава
-Новогодишен хуманитарен караван
-Велигденски хуманитарен караван
-Музички танцов хепенинг со пригодна програма за почеток или крај на учебната година
-Фитнес програмски активности
-Учество на домашни и меѓународни фестивали
-Еколошки работилници и акции за неформална едукација на младите
-Соработка со сите видови на уметници , здруженија од областа на културата , установи , како и негување на фолклорот, занаетчиството и слични културни

вредности.

ПОДОБРУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА ВО РЕГИОНОТ НА МАРИОВО –ОПШТИНА НОВАЦИ

-Едукативна еко екскурзија-Мариово чисто **-Инфо тура за туристички агенции и тур оператори од Македонија** **-Мариово -фото сафари** **-Астроучилница –кампување во Мариово со астроучилница за деца и воздрасни** **-Велосипедска екскурзија -Допро Поле** **-Едукативен камп за деца од основните училишта во Мариово**

ДРУГИ МАНИФЕСТАЦИИ

1. **ЦИП ТУРНЕЈА МАРИОВО**
2. **ЦРКОВНИ МАНИФЕСТАЦИИ**
3. **ДРУГИ МАНИФЕСТАЦИИ**

ДРУГО

-ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА (озвучување , осветлување, бина , рампа , писта) **-МАРКЕТИНГ И КООРДИНАЦИЈА** **-ВОДИТЕЛИ** **-ВОЛОНТЕРСКА ПОДДРШКА**

IV. ИНСТИТУЦИЈАЛНА И ФИНАНСИСКА ПОДРШКА НА КУЛТУРНИ , ДРУГИ МАНИФЕСТАЦИИ И СОВРЕМЕНО ТВОРЕШТВО

За реализација на програмата ќе се обезбедат средства од Буџетот на Општина Новаци , државни институции , спонзорства и донации.

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци од следните ставки

1.Културни манифестации и творештво
*100. 000 денари договорни услуги
*100. 000 денари културни манифестации
*500 000 денари печатење , копирање

2.Трансфери до здруженија на граѓани и фондации -1.000. 000 денари

Здруженија на граѓани , невладини организации , верски заедници , физички лица треба да достават барање и програма за да можат да ги користат средствата од Буџетот на Општина Новаци .

Разгледувањето на барањата од здруженија на граѓани , невладини организации , верски заедници , физички лица ќе го врши Градоначалникот на општина Новаци за средства до 10.000 денари , а за средства над 10.000 денари барањата ќе ги разгледува Советот на Општина Новаци .

По завршувањето на проектите секој реализатор е ДОЛЖЕН до Советот на Општина Новаци да достави ИЗВЕШТАЈ (финансиски и оперативен) за реализација на одобрените средства.

Програмата влегува во сила со денот на објавување во " Службен гласник на општина Новаци ".

Совет на Општина Новаци
Претседател
Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Новаци за 2019 година.

1.Објавувам Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Новаци за 2019 година, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 25.12.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1059/7
28.12.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 84 од Законот за градежното земјиште („Службен весник на РМ„ бр.17/2011), Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост („Службен весник на РМ„ бр38/2011), и чл. 21 став 1 т. 8 од Статуот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр.5/2002), Советот на Општината Новаци, на седницата одржана на 25-12-2018 год., донесе

ПРОГРАМА
ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА НОВАЦИ ЗА 2019 ГОДИНА

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Програма се уредуваат работите што го сочинуваат обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, се определува надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето.

СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА:

Член 2

1). ПОДРАЧЈАТА НА КОИ ЌЕ СЕ ВРШИ УРЕДУВАЊЕТО НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ,
2). ОБЕМОТ НА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ,
3). СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА,
4). ИЗВОРИ НА ФИНАСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА,
5). ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ И НАЧИН НА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ,
6). ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА,
7). УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА НОВАЦИ,
8). НАЧИН НА ЗДРУЖУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА,
9). ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. ПОДРАЧЈА НА КОИ ЌЕ СЕ ВРШИ УРЕДУВАЊЕТО НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Член 3

Просторот што ќе се уредува во 2019 година, ќе биде изграденото и неизграденото земјиште на подрачјето на Општина Новаци, утврдено со урбанистички планови изработени за населените места.

2. ОБЕМ НА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Член 4

Уредувањето на градежното земјиште во градежниот реон опфаќа:

1. Подготвување и расчистување на градежното земјиште, и
2. Опремување на градежното земјиште со комунални објхекти и инсталации.

Член 5

Подготвување и расчистување на градежното земјиште опфаќа:

- Изготвување на урбанистички планови со инфраструктура,
- Оформување и обезбедување на геодетска документација, подлога и елаборати,
- Изработка на елаборати за експропријација,
- Регулирање на имотно правните односи со сопствениците на имотот,
- Отстранување, преместување на постојните комунални објекти, инсталации што сметаат при градбата и користењето на објектот,
- Преселување на станарите и покуќнината,
- Рушење на објектите и пренесување на шутот од урнатите работи до кота на самониклива почва,
- Основни геомеханички испитувања на теренот,
- Асанациони работи (израмнување на земјиштето, насипување, одводнување, осигурување од лизгање, расчистување на земјиштето од депонии и земја и растенија и други асанациони зафати),
- Програмирање на уредувањето

Член 6

Под поимот израмнување на земјиштето како дел од асанациските работи се сметаат: израмнување на теренот во рамките на општата нивелета и нагибот на теренот со израмнување на сите неравнини кои излегуваат надвор од тие рамки, односно до кога на природната конфигурација на теренот, а не доведување на земјиштето во хоризонтална положба.

Член 7

Под поимот одводнување на земјиштето на како дел од асанационите работи се сметаат, зафаќање и одводнување на површинските води од населбите но не и од самата локација.

3. СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Член 8

Опремувањето на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации опфаќа две групи:

- опремување на земјиштето со основни инфраструктурни објекти и инсталации содржани во основниот урбанистички план од заедничко користење, и
- опремување на земјиштето со секундарни инфраструктурни објекти и инсталации опфатени со деталните урбанистички планови и од индивидуално користење на објектот.

Член 9

Опремувањето на земјиштето со основни инфраструктурни објекти и инсталации опфаќа:

- основни сообраќајници (магистрални и примарни),
- магистрални и примарни водоводи за довод на вода во населбите и др. водоснабдителни објекти,
- колектори за одвод на фекални и атмосферска вода,
- пречистителни станици и
- електрична високонапонска мрежа и трафостаници над 10 KW.

Средствата за проектирање и изградба на објектите од овој член се обезбедуваат од надоместокот за употребата на градежното земјиште, стопанските субјекти, самопридонеси, Републички средства и други извори на средства.

Член 10

Степенот на уреденост на градежното земјиште со секундарни инфраструктурни објекти се определува на основа обемот на опременост на земјиштето со објекти и инсталации кои се потребни за задоволување на заедничката и индивидуалната потрошувачка, до границите на градежната парцела.

Степенот на уреденост на градежното земјиште од став 1 на овој член може да биде основен, повисок или понизок од основниот.

Член 11

Основен степен на уредност претставува опременост на земјиштето со непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, електрична мрежа, водоводна мрежа и фекална канализација.

Дополнителна опременост на земјиштето од став 1 на овој член со еден од останатите објекти на комуналната инфраструктура од член 10 на оваа Програма, претставува повисок степен на опременост на земјиштето, а доколку земјиштето е опремено со помалку објекти од основниот степен, се утврдува како понизок степен на уреденост.

Член 12

Степенот на уреденоста на градежното земјиште до границите на градежната парцела се врши според изграденоста на следните објекти на комуналната инфраструктура:

- изградба на непречен пристап до градежна парцела од јавен пат,
- изградба на водоводна мрежа,
- изградба на фекална канализација ,
- изградба на топлификациона мрежа,
- изградба на улици, тротоари,паркинзи, пешачки патеки и други површини согласно урбанистички планови,

- изградба на атмосферски канализации,
- изградба на улично осветление,
- изградба на гасоводна мрежа,
- изградба на пречистителни станици за отпадни води.

Секој вид објекти од став 1 на овој член претставува еден степен на уреденост на градежното земјиште.

Член 13

Трошоците за уредувањето на градежното земјиште се утврдуваат согласно **реалните трошоци** направени за соодветните степени на уреденост на градежното земјиште со објекти од член 10 на оваа Програма.

Член 14

Партерното уредување на локацијата според изготвениот проект (пристапите на објектот од улицата до влезовите на објектот, осветлувањето сврзано со објектот како и приклучоците на објектот од приклучните места на секундарната мрежа преку хидротехничките услови, енергетска согласност) затоа што истите се составен дел на инсталациите на објектот и остануваат сопственост на инвеститорот паѓаат на негов товар.

Претходно изградените инсталации доколку остануваат под објектот, нивната заштита паѓа на товар на инвеститорот, односно корисникот на локацијата.

4. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Член 15

Уредувањето на градежното земјиште се финансира од средствата остварени од надоместоците за уредување и други средства.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште претставува износ кој што корисникот на земјиштето го плаќа пред да добие одобрение за градење.

Од средствата остварени од надоместокот за уредување на градежното земјиште се финансираат подготвителни работи, расчистување и опремување на градежното земјиќте, а во согласност со Програмата.

Програмата за уредување на градежното земјиште во 2019 година ќе се финансира од следните извори:

- приходи од учество на инвеститорите во надоместокот за уредување
  - а) Од деловни и јавни и производни објекти------- 180.000 денари
  - б) Од претходни работи во уредувањето---- 30.000 денари
  - в) Од изградба на станбени објекти ---------...140.000 денари
  - г) Од реконструкции и адаптации на објекти ---- 10.000 денари
  - д) Од надомест за улично осветление -----.. 800.000 денари
  - ѓ) Од надомест за израб. на урбанист.планови---40.000 денари
  - е) Од комунална такса за користење на простор пред деловен објект---------..50.000 денари
  - ж) Од комунална такса за користење за истакнување на реклами ----------10.000 денари
  - з) Од комунална такса за користење на музика во јавни локали ----------30.000 денари
  - s)Од комунална такса за поставување на витрини надвор од деловен простор --------10.000 денари

е) Од комунална такса за користење на
плоштади и друг простор ---------- 15.000 денари
- Финансиски средства од републички органи -------685.000 денари
- Финансиски средства од донација од фондации ---- 850.000 денари

Рекапитуларен преглед на приходите

Приход од учество на инвеститорите во
надоместокот за уредување ----------1.315.000 денари
- Финансиски средства од републички органи -----685.000 денари
- Финансиски средства од донација од фондации -------850.000 денари
Вкупно: Приходи ---------- 2.850.00000 денари

5. ВИСИНА И НАЧИН НА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Член 16

Надоместокот за уредување на градежното земјиште се пресметува според посебна пресметка за секој објект што ќе се гради, а врз основа на вистинските трошоци за уредување на градежното земјиште, односно според единица површина на објектот.

Упросечениот надоместок за уредување на градежното земјиште од 1м^2 изградена корисна површина на објектот, во населените места се утврдува во зависност од:

- Висината на градежната цена по 1м^2 станбен односно деловен простор
- Намената на објектот (станбен деловен)

Појдовна големина за пресметување на надоместокот за уредување на градежното земјиште се утврдува со Програмата за уредување на градежното земјиште.

Пресметувањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште, ќе се врши по 1м^2 нето корисна површина според важечките технички нормативи, согласно оваа Програма и Правилникот за начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост (Сл..весник 38/2011).

Член 17

Дефинирање на поодделните нивоа од објектите без оглед *за* која намена ќе се користат е следна:

Визба: Претставува оној етаж чиј готов под е повеќе од 1,0м вкопан во земјата во однос на околниот терен . Ако теренот е во пад, визба е оној етаж во кој најмалку 2/3 односно 67% од етажот има патос што е вкопан во тлото повеќе од 1,0м.

Сутерен - Претставува оној етаж чиј готов под е вкопан најмногу 1,0м во земјата во однос на околниот терен или уличниот тротоар. Ако теренот е во пад, сутерен е оној етаж во кој најмалку 2/5 односно 20% од етажот има под што е вкопан но најмногу до 1,0м.

Приземје - Претставува првиот кат во зградата над подрумот или сутеренот или над нивото на теренот - ако објектот нема подрум или сутерен.

Спрат - Претставува етажот чиј готов под се наоѓа:

а) во рамнина на околниот терен или уличниот тротоар,

б) на полнетица на околниот терен или уличниот тротоар до вообичаена висина од околу 1,0м.

в) непосредно над визбата без оглед дали визбата е целосно или делумно вкопана во теренот

г) непосредно над сутеренот.

Мерењето на висините од уличниот тротоар се зема во сите оние случаеви кога градежната и регулационата линија се изедначени.

Кат - е секој етаж што се наоѓа над приземјето, а не е кров или рамна проодна односно непроодна тераса.

Поткровје (таван) е простор помеѓу највисоката хоризонтална меѓукатна конструкција и покривот на зградата.Во овој простор е кровната конструкција што го формира таванскиот простор и преку која е поставен покривот на зградата. Освен оваа основна намена поткровјето може да се адаптира или кај новопроектираните објекти да се предвиди за станбена или друга секојдневна намена. Во новопроектираните објекти ако се предвидуваат поткровја за секојдневно постојано користење, ќе се сметаат за кат.

Мезанин (меѓукат) - е оној етаж на приземјето или меѓу било кои два ката кој има смалена катна височина и служи за собирање на технички инсталации, вметнување на погонски елементи за технички инсталации и други потреби во функција на намената на објектот.

Лоѓија- Тараса затворена од три страни,

Член 18

За доградба и надградба на постојните објекти надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 100% од утврдениот износ по 1м^2 корисна површина.

За изградба, реконструкција и доградба на помошни и времени објекти (гаражи, летни кујни, санитарни чворови, шупи, бараки, настрешници и др.) урбана опрема надвор од станбените објекти, инвеститорите ќе плаќаат на име надомест за уредување 30% од надоместокот утврден со Програмата.

Член 19

Не се плаќа надомест за уредување на градежното земјиште за објекти кои претрпеле штети од елементарни непогоди (пожари, поплави, снегови, земјотреси), до висина на нето површината на оштетениот објект, објекти на Месната самоуправа, објекти на локалната самоуправа, објекти кои ќе се градат со средства од надоместокот за уредување на градежно земјиште како и објекти кои се ослободени од плаќање до посебна Одлука на Советот на Општина Новаци.

Член 20

Јавните претпријатија кои вршат комунални дејности, на подрачјето на Општина Новаци, плаќаат за уредување на градежното земјиште, во висина од 30% од вредноста на објектите од комуналната инфраструктура што се градат, а се од нивна надлежност, со тоа што комуналните објекти се пренесуваат како основни средства на тие јавни претпријатија („ Електростопанствог - Погон „Електро Битолаг од Битола, Погон „Електро Прилеп од Прилеп, Јавно комунално претпријатие, ПТТ и др.).

Плаќањето од 30% се користи за уредување на градежното земјиште, а се уплаќа на сметката на Буџетот на Општина Новаци.

Член 21

По иницијатива на жителите на градот и населените места, а во услови кога истите сед заинтересирани со местен самопридонес да учествуваат во уредувањето на градежното земјиште, општината ќе учествува до 50% од вредноста на комуналните објекти и инсталации, во зависност од можноста на општината.

Член 22

Меѓусебните права и обврски за уредување на градежното земјиште врз основа на решението за доделување на земјиштето, решението за локација и решението за урбанистичка согласност на проект, издадени од надлежните органи се уредуваат со Договор, склучен помеѓу инвеститорот и градоначалникот на општината.

Договорот за уредување на градежното земјиште го потпишува градоначалникот на општината.

Ако инвеститорот не сака да склучи договор, а користи макар и делумно уредено земјиште, плаќањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште се врши по сила на закон и оваа Програма, по судски пат.

Член 23

Доколку при изградбата инвеститорите отстапуваат од техничката документација, а се здобиле со нова станбена или деловна површина, должни се да платат соодветна разлика. Истата се уредува со Анекс Договор за уредување на градежното земјиште за новоизградената површина, според утврдениот надоместок во моментот на плаќањето, а по претходно добиена уредна техничка документација од страна на надлежниот орган.

Член 24

За објектите чиј габарит е содржан во урбанистичкиот план, а е изграден без уредна техничка документација, ќе се плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште утврден со Програмата , а по претходно добиена уредна техничка документација од надлежниот орган, согласно фактичката состојба на објектот.

Член 25

Доколку вкупниот пресметан просечен надоместок за конкретната локација не ги покрива трошоците за уредување на истата, надоместокот ќе се плаќа по стварно направените трошоци за уредување на локацијата ина соодветниот дел од поширокатa локација, што ќе се регулира со Анекс кон Договорот за уредување на градежното земјиште.

Член 26

Без добиена потврда од надлежниот субјект дека се целосно измирени обврските за надоместок за уредување на градежното земјиште, инвеститорот не може да добие дозвола за употреба на објектот и приклучоци на комуналната инфрастриктура.

Член 27

За изградба на објекти во населените места утврдени со Правилникот, е се плаќа надоместок за финансирање на изработка на урбанистички планови догласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

5.1. Пресметка на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште

Член 28

Надоместокот ќе се пресметува врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверената проектна документација, помножена со следните коефициенти.

1. Станбени објекти

Ред.бр	вид на објектот	коефициент
1.	Стамбени простории	1,0
